Аллахумме инни е‘узу бике мин ‘азабил-кабри ве мин ‘азабин-нари ве мин фитнетил-махја вел-мемати ве мин фитнетил-месихид-деџџали

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, вели: Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, се молеше и го кажуваше следното: „Аллахумме инни е‘узу бике мин ‘азабил-кабри ве мин ‘азабин-нари ве мин фитнетил-махја вел-мемати ве мин фитнетил-месихид-деџџали“ (Аллаху, ја барам Твојата заштита од казната во гробот и од казната во пеколот, од искушенијата на животот и смртта и од искушенијата на лажниот Месија Деџал.)“ Во Муслим, се вели: „Кога некој од вас ќе биде на последниот тешехуд, нека побара од Аллах засолниште за четири работи: Казната на кабурот, искушението на животот, искушението на смртта и од злото на лажниот месија Деџал.“

[صحيح] [متفق عليه]

Аллаховиот Пратеник, алејхи селам, барал заштита од Аллах од четири работи, после зикрот на тешехуд-последното седење, а пред да даде селам. И ни наредил на тој начин да бараме заштита од Аллах. Прво: од казнувањето во гробот. Второ: од казната на огинот, на Судниот ден. Трето: од искушенијата на животот, како што се забранетите овосветски уживања, застранетите идеологии. И заштита од искушението на смртта, во моментот кога умираме, да не скршнеме од верата ислам и традицијата, сунетот, или искушение во гробот, како што е испрашувањето кое ќе го спроведат двата мелека. Четврто: искушението на лажниот месија Деџал кој ќе се појави кон крајот на светот, и со кого Аллах ќе ги стави на искушение луѓето, тој е посебно спомнат затоа што ќе биде големо искушение и многу луѓе ќе застранат од вистинскиот пат.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/3103